**20232764821**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 282/22 и 207/23), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 27/20 и 56/21), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/19) и член 59 од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 декември 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2023 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.164/23 и 248/23) во делот I во воведната реченица износот „7.237.634.000,00“ се заменува со износот „8.072.634.000,00“.

Табелата се менува и гласи:

| Број на мерка | Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 2.408.900.000,00 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 332.000.000,00 |
| Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството) | | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 137.500.000,00 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 500.000,00 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделски стопанства | 500.000,00 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 100.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за складирање на пченица и јачмен од домашно производство од род 2023 година | 500.000,00 |
| 8. | Помош за поддршка на трошоци за набавка на горива за земјоделска механизација за земјоделски стопанства | 220.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство (ПОМ) | 500.000,00 |
| 10. | Материјални трошоци за спроведување на оваа програма | 15.000.000,00 |
| 11. | Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2019, 2020, 2021 и 2022 година | 4.957.134.000,00 |
| | Вкупно | 8.072.634.000,00 |

II

Во делот II во воведната реченица износот „1.930.000.000,00“ се заменува со износот „2.408.900.000,00 “.

Во табелата по подмерката 1.20. се додава нова подмерка 1.21. која гласи:

„

| | |
|---|---|
| 1.21. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.12. за произведено и предадено винско грозје во регистрирани капацитети за производство на вино во Република Северна Македонија |

“.

III

Во делот III во воведната реченица износот „1.000.000,00“ се заменува со износот „332.000.000,00 “.

IV

Во делот IV во ставот 1 износот „500.000,00“ се заменува со износот „137.500.000,00 “.

V

Во делот VII износот „12.000.000,00“ се заменува со износот „100.000,00 “.

VI

Во делот IX во ставот 1 износот „300.000.000,00“ се заменува со износот „220.000.000,00 “.

VII

Во делот XII износот „4.977.134.000,00“ се заменува со износот „4.957.134.000,00 “.

VIII

Во делот XV по бројот „1.13.,“ се додава бројот „1.21.,“.

IX

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.41-12855/6
22 декември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.